**Република Северна Македонија**
**Republika e Maqedonisë së Veriut**

**АПЕЛАЦИОНЕН СУД ГОСТИВАР**
**GJYKATA E APELIT GOSTIVAR**

Ул. Живко Брајковски бр.1, 1230 Гостивар / тел: 042-221-544 / info@asgostivar.mk
Rr. Zhivko Brajkovski nr.1, 1230 Gostivar / tel: 042-221-544 / info@asgostivar.mk

**СУ.бр.04-15-15/20**
**15.12.2020 година**
**ГОСТИВАР**

**ВД ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА АПЕЛАЦИОНИОТ СУД ГОСТИВАР**, судијата Шефајет Хајдари, врз основа на член 43 од Законот за судска служба (Сл.весник на РМ бр.43/2014, 33/2015, 98/2015, 198/2018) по спроведената постапка по објавениот Интерен оглас бр.1/2020, за унапредување на судски службеници на работно место Судски соработник - Категорија В, ниво В3, 2 - извршители, по доставениот Предлог на кандидатите за унапредувањ со утврдена Ранг-листа на Комисијата за селекција за унапредување на судски службеници од 15.12.2020 година, на ден 14.12.2020 година, ја донесе следната :

**О Д Л У К А**
**за избор на судски службеници**

За работно место – Судски соработник - Категорија В, ниво В3, 2- извршител, се избират кандидатите:

**1. Седула Мемеди и**

**2. Милиат Јашари.**

Решение за унапредувањ за избраните кандидати ќе се донесе по правосилноста на оваа одлука.

**О б р а з л о ж е н и е**

Од страна на Апелациониот суд Гостивар на ден 01.12.2020 година на веб-страницата на судот, објавен е Интерен оглас бр.1/2020 за унапредување на судски службеници на работно место Судски соработник - Категорија В, ниво В3, 2 - извршител.

По спроведената постапка за унапредување од страна на Комисијата за селекција за унапредување на судски службеници, согласно Законот за судска служба и Правилникот за формата и содржината на Интерен оглас, (Сл.Весник на РСМ бр.275/20 од 19.11.2020 година), до ВД Претседателот на судот доставен е Предлог со утврдена Конечна Ранг-листа од 14.12.2020 година.

Со Ранг-листа за работно место Судски соработник - Категорија В, ниво В3, Комисијата за избор на судски службеници ги предложи кандидатите: Седула Мемеди и Милиат Јашари.

ВД Претседателот на судот имајќи го во предвид Предлогот со утврдена конечна Ранг-листа од 14.12.2020 година, доставен од Комисијата за селекција за унапредување на судски службеници, истиот го прифати и одлучи на работно место Судски соработник - Категорија В, ниво В3, да бидат избрани кандидатите: Седула Мемеди и Милиат Јашари.

Примерок од Одлуката да се достави до кандидатите и истата да се објави на веб-страницата на судот.

Поради горенаведеното следуваше да одлучи како во изреката на одлуката.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова одлука дозволено е жалба во рок од 8 дена по приемот, преку овој суд до Совет за судска служба, Скопје.

ВД Претседател на
Апелационен суд Гостивар
Shefajet Hajdari